ТЕА, Скопје, 17.5.2000, 7,

11625

# СЛОБОДА НА детската фантазија



**Денис Тенев-графичар: Живееме во време на компјутери и децата покажуваат голем интерес за нив, затоа и почнавме да работиме компјутерска графика. Сигурен сум дека стекнатото знаење од оваа област ќе им користи понатаму во идните професии, кои и да се. Сето ова што го правиме овде во музејот, ја поттикна креативноста кај децата, а јас се потрудив да го извлечам максимумот кај секое од нив**





Културата е основа на нашето живеење, запишана и како темелна вредност во Уставот, само што работите понекогаш добиваат друг тек и суштината станува заднина, која понекогаш тешко и се назира. Среќа што уште постојат луѓе што разбираат што значи културата за државата и уметноста за човекот. Постојат оптимисти, кои се надеваат дека може да се изменат работите и тоа преку потикнување на свеста на генерациите што доаѓаат. Успешно почната игра, применета во одделот за едукација во Музејот на современа уметност.

Сè се одвива на интересен начин, приемлив за младите, преку креативна игра, креативно творење и визуелно размислување. Одлична поставка на кустосот на овој оддел, при што се забавуваш, играш, а во исто време и креираш, боиш, пееш, рецитираш, пишуваш, имаш улога на актер.

Тежнението е да се допре до суштината на културата и да се научи да се однесува, да се размислува, слободно да се каже своето мислење, а и да се цени туѓото зашто уметноста нема рамка.

„Целта на проектот е музејот да не биде храм од кој луѓето се оддалечуваат, туку да стане центар на едукација, центар на културата, зашто може да се направат многу изложби, претстави, балети но ако нема едукација, нема да има ни аудиториум'', вели Бети Јаневска, историчарка на уметноста, кустоска на одделот за едукација.

При дружењето со децата можевме да видиме дека тие одлично се забавуваат, цртаат, пишуваат есеи, прават фигури од глина, работат компјутерска графика, креираат модели и создаваат уште ред други уметнички дела, производ на нивната фантазија и нивното гледање на светот, човекот, реалноста.

Посетителите сами избираат што ќе работат, но во исто време се и насочувани во кој правец би постигнале најмногу.

„Јас не наметнувам ништо туку разговарам со децата со кои работам, за да видам што ги интересира, зашто постојат разлики од човек до човек, од генерација до генерација'', додава Јаневска.

Во исто време, сè оди кон тоа програмата што се применува да биде блиска со посебен пристап за децата од различни возрасти.

Секоја професионална помош е чекор понатаму и вистински начин за откривање на талентите. Моментално со групите работат Никола Ефтимов, моден креатор, и Денис Тенев - графичар, кои своето искуство и знаење им ги пренесуваат на младите поттикнувајќи им ја потребата за создавање нешто свое.

Младите уметници се наоѓаат себеси овде и знаат да одговорат на потребите на уште помладите од нив, кои еден ден ќе бидат творци или обожаватели на уметноста. Секоја подадена











**Во Музејот на современата уметност, во одделот за едукација, децата ги спознаваат културата и уметноста преку креативна игра, креативно творење и визуелно размислување**

уметничка рака е подлабоко навлегување во културата и културното живеење.

И сè тече во најдобар ред, со полн елан и целосно вложување, дури не се стигне до она најболното - финансиите. Закоравен проблем, особено во културата, како општествена маргиналност. „Иако Министерството за култура го финансираше проектот, тој не може до крај да се изведе. Од добиени 50.000 денари, 30.000 одат во потрошен материјал. Не се обрнува доволно внимание на нашите млади и покрај тоа што покажаа голем интерес за културното творештво", изјави Јаневска. Надвор од овие препреки сепак се создава нешто вредно, нешто што води кон сознавање на вистинските вредности. Уште подобро е што не постојат ограничувања и во групите може да се приклучи секој што има добра волја. Зачленувањето е секој вторник и четврток од 12 до 14 часот за основците и средношколците и секоја среда и петок од 09 до 11:30 часот, за децата од предучилишна возраст, во Музејот или на телефон 117-734.

Дека децата размислуваат, креираат и создаваат ќе покажат нивните дела, обединето наречени „Во новиот век", кои по традиција на секој 18 мај се изложуваат во Музејот на современата уметност.

Нивните визии, можеби ќе бидат поттик за поинакво гледање на нештата а само-то случување, начин за излегување од стегите на потиснатиот дух.

Климентина Илоска











Овде ми е многу убаво, цртаме, пишуваме есеи, правиме фигури од глина, се дружиме и слушаме убава класична музика, која ретко ја има на телевизија.



Јасна Ганиќ,12

Јас и моите другари доаѓаме овде повеќе од една година. Најмногу ме интересира компјутерска графика и од Денис научивме многу за неа. Наученото овде ни помогна сами да можеме да го правиме училишниот весник „Душкало".



Златко Јанковски, 14

Овде научивме многу работи, како за компјутерите, така и за уметноста. Ќе продолжам да доаѓам тука, зашто многу добиваш, а без никакво плаќање.



Дарко Дејановски,14

Кога ќе пораснам, сакам да бидам уметник-сликар. Затоа и почнав да доаѓам во МСУ и секој вторник и четврток сум тука. Уметноста излегува од душата - тоа го научив овде.



Мартин Новчевски,13

Најмногу сакам да цртам преддело, да правам инсталации и предмети од глина. Убаво е да си дел од оваа прекрасна атмосфера.



Сара Бечка, 12

Со помош на нашата наставничка научив што е култура, што е уметност, научив критички да размислувам и почитувам. Овде почнав да навлегувам во тајните на компјутерите.



Трајче Коловски